Република Северна Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - втор квартал 2021 година -

## Резиме


- Во К-2-2021 е забележан **раст на економската активност** од 13,1% на годишна основа, со што земјата практично излезе од рецесијата предизвикана од пандемијата на коронавирус;
- **Бројот на вработени** во К-2-2021 е повисок за 0,2% во однос на истиот квартал од 2020 година. **Бројот на невработени** во К-2-2021 се намали за 5,9%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 15,9%;
- Просечната **нето-плата** во К-2-2021 изнесува 28.635 денари и бележи раст од 8,6% на номинална основа, односно раст од 5,7% на реална основа, споредено со нето-платата во К-2-2020;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-2-2021 се повисоки за 28,3%, а вкупните **буџетски расходи** за 3,1% споредено со истиот квартал од 2020 година;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2021 изнесува 2,8% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2021 се зголеми за 1,8% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките во К-2-2021 забележа раст од 2,6% на квартална основа;
- Во К-2-2021 е забележан раст на **извозот на стоки** од 67,6% и на **увозот на стоки** од 71,7% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 70,0%.

## Содржина:

Содржина: ..................................................2
1. Економска активност ..................................................3
2. Пазар на работна сила ..................................................4
3. Јавни финансии ..................................................5
3.1. Буџетски приходи според економската класификација ..................................................5
3.2. Буџетски расходи според економската класификација..................................................6
3.3. Расходи по буџетски корисници ..................................................7
3.4. Буџетски дефицит и државен долг ..................................................9
4. Инфлација и монетарни движења..................................................10
5. Надворешен сектор..................................................13
5.1. Надворешнотрговска размена ..................................................13
5.2. Платен биланс..................................................16

# 1. Економска активност

Во К-2-2021 е забележан **раст на економската активност** од 13,1% на годишна основа, што претставува прва стапка на раст по падот во четири последователни квартали и со тоа земјата практично излезе од рецесијата предизвикана од пандемијата на коронавирус (Графикон 1.1).

Графикон 1.1. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

Анализирано според производната страна на БДП, активноста во **услужниот сектор** се зголеми за 14,1%. Од услужните дејности, раст е забележан кај Трговија, транспорт и угостителство од 46,0%; Информации и комуникации од 5,7%; Финансиски и дејности на осигурување од 4,6%; Стручни, научни и технички дејности од 3,3%; Дејностите во врска со недвижен имот од 2,2% и Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 0,6%. Пад е забележан единствено во дејноста Уметност, забава и рекреација од 0,1%.

**Индустрискиот сектор** забележа раст од 11,4%, во услови на зголемено производство во преработувачката индустрија за 19,7%.

Графикон 1.2. Индустриски сектор *(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Земјоделството** забележа раст од 0,4%, со што продолжуваат позитивните движења во овој сектор втор квартал по ред, додека **градежништвото** забележа пад од 0,4%, со што продолжуваат променливите движења во овој сектор.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност *(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според расходната страна на БДП, потрошувачката забележа раст на реална основа од 10,8%, во чии рамки **приватната потрошувачка** порасна за 12,9%, а **јавната потрошувачка** се зголеми за 2,9% на реална основа. Приватната потрошувачка беше поддржана од мерките за справување со последиците од корона-кризата, додека

понискиот раст на јавната потрошувачка во голема мера е резултат на високата основа поради растот од 9,8% во истиот квартал од 2020 година.

**Бруто-инвестициите** забележаа раст од 38,4% по двоцифрениот пад во претходните два квартала.

**Извозот на стоки и услуги** забележа раст од 45,0% на реална основа, додека **увозот на стоки и услуги** порасна за 46,7%. Притоа, нето-извозот бележи негативен придонес од 5,8 п.п..

## 2. Пазар на работна сила

Во К-2-2021, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е зголемен за 0,2%, односно за 1,9 илјади лица во однос на истиот квартал од 2020 година, а растот се должи исклучиво на зголемената вработеност во услужниот сектор (10,6 илјади или 2,4%), додека намален број вработени има во земјоделскиот сектор (3,3 илјади или 3,5%), во индустријата (1,6 илјади или 0,8%) и во градежништвото (1,3 илјади или 2,3%). Во рамки на услужната дејност, особен раст на вработеноста се јавува кај дејностите на здравствена и социјална заштита (4,3 илјади или 8,7%) и кај информации и комуникации (4,2 илјади или 21,0%), додека позабележително намалување на вработеноста има кај објекти за сместување и сервисни дејности со храна (7,2 илјади или 20,8%).

Анализирано според економскиот статус, зголемување на вработеноста се јавува кај вработените (10,0 илјади или 1,6%) и кај работодавците (3,2 илјади или 10,0%), а пад е забележан кај вработените за сопствена сметка (10,7 илјади или 12,8%) и кај семејните работници (700 или 2,0%).

**Стапката на вработеност** во К-2-2021 изнесува 47,3% и во однос на истиот квартал од 2020 година е зголемена за 0,2 п.п..

**Бројот на невработени** е намален за 9,5 илјади лица, односно за 5,9% во однос на истиот квартал од 2020 година. Овие движења предизвикаа **стапката на невработеност** во К-2-2021 да се намали на 15,9%, односно за 0,8 п.п. во споредба со истиот квартал од 2020 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,1 п.п. (Графикон 2.1).

Графикон 2.1. Број на вработени и стапка на невработеност




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по возрасни групи, невработеноста во однос на К-2-2020 е намалена кај сите групи, и тоа: кај лицата на возраст од 25 до 49 години за

8,7%, кај лицата од 50 до 64 години за 1,4% и кај лицата од 15 до 24 години за 0,6%. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 2,4 п.п. кај женското население и изнесува 14,3%, што е за 2,7 п.п. помалку од невработеноста кај мажите којашто е зголемена за 0,2 п.п. и изнесува 17,0%.

**Бројот на активно население** е намален за 7,6 илјади лица, односно за 0,8% на годишна основа. Активното население во К-2-2021 сочинува 56,2% од вкупното работоспособно население и е намалено за 0,3 п.п. во споредба со истиот квартал од 2020 година.

Просечната месечна **нето-плата** во К-2-2021 изнесува 28.635 денари и е повисока за 8,6% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2020 година, додека на реална основа нето-платата бележи зголемување од 5,7% (Графикон 2.2).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-2-2021 изнесува 42.770 денари и бележи раст од 8,7% на номинална и 5,7% на реална основа.

**Продуктивноста на трудот** во К-2-2021 е зголемена за 12,8%, што е последица на повисокиот раст на производството од растот на вработеноста.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-2-2021 учествуваат со 30,4% во кварталниот БДП и се повисоки за 28,3% споредено со истиот квартал од 2020 година, при што раст бележат даноците од 38,9%, придонесите од 9,0% и неданочните приходи од 39,2%. Кај даночните приходи забележана е повисока наплата кај сите видови даноци. Високиот раст на приходите во овој период, меѓу другото, е резултат и на ниската споредбена основа, со оглед на тоа што буџетските приходи беа најмногу погодени во вториот квартал од 2020 година како последица од пандемијата на ковид-19.

Наплатата на индиректните даноци во К-2-2021 е зголемена за високи 49,6%, а кај директните даноци е забележано зголемување од 14,1% во однос на К-2-2020. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е намалено за 0,3 п.п. на годишно ниво, односно од 4,8% во вториот квартал

минатата година на 4,5% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година, а учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-2-2021 изнесува 11,2% и е повисоко за 2,2 п.п. во однос на К-2-2020.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К2
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 45,9% од вкупните даночни приходи во К-2-2021, а се повисоки за 61,8% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2020 година, приходите од акцизи се повисоки за 27,4%, а приходите од царински давачки за 60,8%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 19,3%, а кај приходите од данокот на добивка од 6,7% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 9,0%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 9,0%, кај придонесите за здравствено осигурување од 8,9% и кај придонесите за вработување од 9,1%.

**Неданочните приходи**, коишто претставуваат 1,9% од кварталниот БДП во К-2-2021 беа реализирани за 39,2% повеќе во однос на истиот квартал од 2020 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-2-2021 беа повисоки за 73,7% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** забележаа зголемување за 64,4%.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-2-2021, со учество од 35,5% во кварталниот БДП, се повисоки за 3,1% споредено со истиот квартал од 2020 година.

**Тековните расходи**, коишто претставуваат 34,0% од кварталниот БДП, имаат учество од 95,8% во вкупните расходи и беа реализирани за 2,9% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа раст од 28,9%, а расходите за плати и надоместоци од 3,0% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, коишто учествуваат со 71,3% во вкупните расходи, беа реализирани за 2,8% помалку на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 3,5% и учествуваа со 49,6% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 3,1% и забележаа учество од 29,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесуваа 21,0% и истите забележаа намалување од 15,2% споредено со вториот квартал од 2020 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 0,1%, а субвенциите и трансферите висок пад од 23,3%, откако во К-2-2020 остварија исклучително висок годишен раст.

Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 3 пати на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 15,0%, а висок раст забележаа каматните расходи по надворешен долг, кои се зголемија за 6 пати.

**Капиталните расходи**, коишто претставуваат 1,5% од кварталниот БДП, се реализирани за 6,7% повеќе споредено со истиот квартал од 2020 година и остварија учество од 4,2% во вкупните расходи.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-2-2021 година реализираше 13.418 милиони денари или 24,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,4%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 9.178 милиони денари или 25,0% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,0% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 25,0% (3.082 милиона денари) од планираните за 2021 година.

Во периодот април - јули 2021 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[1]

[1] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

реализирани се 6.918 милиони денари што претставува 10,4% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (3.292 милиона денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 47,6%. За каматни плаќања се издвоени 2.408 милиони денари (25,7% од планираното), односно 34,8% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

**Министерството за образование и наука** во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 6.180 милиони денари, што е 22,7% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (65,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.062 милиона денари или 25,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,5%, за што се потрошени 1.019 милиони денари, односно 23,6% од вкупно предвидените.

**Владата на Република Северна Македонија** во К-2-2021 година реализираше вкупно 3.079 милиони денари, односно 21,4% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите коишто учествуваат со 92,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 2.831 милион денари (22,2% од предвидените средства).

компоненти од ИПА итн.

Во анализираниот период, од страна на **Министерството за внатрешни работи** вкупно се реализирани 2.837 милиони денари, што претставува 24,1% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 68,6%, за што се потрошени 1.947 милиони денари или 24,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 22,2%, за што се реализирани 630 милиони денари или 28,1% од годишниот план.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-2-2021 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Министерството за одбрана** во периодот април - јули 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 1.866 милиони денари, што е 17,3% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 56,1%, за што во овој период се реализирани 1.046 милиони денари (24,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 27,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 510 милиони денари, односно 20,3% од вкупно предвидените.

Во периодот април - јули 2021 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализираше средства во износ од 2.573 милиони денари што претставува 29,1% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 90,6% во вкупните расходи, реализирани се 32,0% од планираните средства, односно 2.331 милион денари.

**Министерството за здравство**, во периодот април - јули 2021 година, изврши буџетски средства во износ од 2.207 милиони денари, што е 27,0% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 69,4%, за што во овој период се потрошени 1.532 милиона денари или 36,6% од средствата наменети за 2021 година. За тековни трансфери до буџетските фондови се издвоени 569 милиони денари, односно 19,0% од вкупно планираните.

**Министерството за транспорт и врски** во овој период реализираше средства во износ од 434 милиони денари, што е 10,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 7,4% од предвиденото (229 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во вториот квартал од 2021 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 8.798 милиони денари или 5,1% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 9.016 милиони денари, односно 5,2% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-2-2021 изнесува 55,9% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 1,8 п.п. во однос на К-1-2021. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-1-2021 е намалено за 1,0 п.п. и изнесува 64,8%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 35,2% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2021 изнесува 2,8% на годишна основа и е зголемена за 0,8 п.п. во споредба со К-1-2021. Растот на потрошувачките цени главно се должи на растот на цените на енергијата, додека позитивниот придонес на цените на храната е релативно стабилен, а во вториот квартал растот на цените на храната е поумерен како резултат на падот на цените на овошјето и зеленчукот на годишно ниво. Растот на цените на енергијата е резултат на годишниот раст на цените на нафтените деривати, како и на зголемувањето на домашната цена на електричната енергија во август минатата година. Растот на домашните цени овој квартал ги рефлектира и промените поврзани со олабавувањето на рестриктивните мерки (на пример, растот на цените на рестораните и туристичките аранжмани).

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Раст на потрошувачките цени во К-2-2021 бележат категориите: Транспорт од 9,8%, Ресторани и хотели од 5,8% Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,3%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,0%, Здравствена заштита и Рекреација и култура од по 3,1%, Храна и безалкохолни пијалаци и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 1,4%, Разновидни стоки и услуги од 1,2%, Облека и обувки од 0,4% и Образование од 0,1%. Пад на цените е регистриран во категоријата Комуникации од 0,4%.

Во вториот квартал[2] од 2021 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа **основната каматна стапка** на 1,25%, откако претходниот квартал ја намали каматната стапка на благајничките записи за 0,25 п.п., односно од 1,5% на 1,25%. Досегашното намалување на основната каматна стапка, како и позначителното намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата, како и ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сѐ уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во јуни 2021 година изнесуваше 0,3% и во споредба со

[2] Податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[3] во К-2-2021 забележаа пад на квартална основа од 2,0% (во претходниот квартал е забележан раст од 27,6%), како резултат на намалувањето на вкупната ликвидност на банките за 5,1%, додека готовите пари во оптек регистрираа зголемување од 1,6%. Во однос на К-2-2020, примарните пари се зголемија за 5,5% (во К-1-2021 е забележан раст од 19,0%), како резултат на зголемената вкупна ликвидност на банките од 5,9% и растот на готовите пари во оптек од 5,0%.

Во К-2-2021, најтесната парична маса М1[4] забележа зголемување од 2,8% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 2,5%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 1,7% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[5] на банките во К-2-2021 се зголеми за 1,8% на квартална основа, по растот од 1,0% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 5,8%, а депозитите на домаќинствата се зголемија 0,8%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 0,8%, а девизните депозити забележаа раст од 3,3%. Степенот на евроизација е зголемен за 0,6 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 40,8%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-2-2021 се намали за 0,7 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 22,8 (во К-1-2021 изнесуваше 23,5%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 2,2%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Кредитната активност** на банките во К-2-2021 забележа раст од 2,6% на квартална основа (во претходниот квартал регистрираше раст од 1,2%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 2,3% и раст на кредитите кон домаќинствата од 2,8%.

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[5] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

Од валутен аспект, денарските кредити во К-2-2021 споредено со претходниот квартал се зголемија за 3,1%, додека девизните кредити се зголемија за 1,8%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-2-2021 во однос на претходниот квартал бележат раст од 2,4%, а краткорочните кредити се зголемија за 3,5%.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Каматната стапка**[6] на денарските кредити во К-2-2021 изнесува 4,92% и е намалена за 0,07 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-2-2021 изнесува 4,12% и е намалена за 0,03 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на денарските депозити во К-2-2021 изнесува 1,23% и забележа пад од 0,07 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,50% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2021 изнесува 4,19%, а на новоодобрените девизни кредити 3,60%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 0,76% и 0,43%, соодветно.

[6] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-2-2021 изнесува 4.198,5 милиони евра и бележи раст од 70,0% во однос на истиот квартал од 2020 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки** во К-2-2021 изнесува 1.747,8 милиони евра и во однос на К-2-2020 бележи раст од 67,6%, додека во однос на претходниот квартал регистриран е раст од 5,2%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-2-2021 во однос на истиот квартал од 2020 година се забележуваат кај сите сектори:

- хемиски производи за 141,2% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата хемиски материи и производи за 275,2 милиона евра или за 183,1%);
- машини и транспортни уреди за 83,8% (електрични машини, апарати и делови за 129,9 милиони евра или 104,8%; индустриски машини и делови за 100,2 милиона евра или 88,3%);
- производи класирани по материјалот за 31,3% (железо и челик за 50,9 милиони евра или 41,6%);
- разни готови производи за 39,6% (мебел и негови делови, постелнина и сл. производи, душеци, носачи на душеци, перници и сл. полнети производи за 43,3 милиони евра или 122,3%);
- суровини освен гориво за 57,8% (метална руда и отпадоци од метал за 26,5 милиони евра или 59,2%);
- минерални горива и мазива за 51,6% (нафта и производи од нафта за 10,8 милиони евра или 183,8%);
- производи за храна за 14,5% (овошје и зеленчук за 6,1 милион евра или 14,7%; жита и преработки од жита за 4,0 милиони евра или 24,7%);
- пијалаци и тутун за 1,5% (тутун и производи од тутун за 2,5 милиони евра или 6,7%) и
- животински и растителни масла за 132,6% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,6 милиони евра или 121,6%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2021 раст на извозот е забележан кај сите групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 452,6 милиони евра или 93,4%;

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 144,5 милиони евра или 87,5%;
- транспортна опрема за 87,0 милиони евра или 73,3%;
- храна и пијалаци од 11,7 милиони евра или 11,0%;
- горива и мазива за 7,4 милиони евра или 55,8% и
- стоки за широка потрошувачка за 2,4 милиони евра или 1,6%.

**Увозот на стоки** во К-2-2021 изнесува 2.450,7 милиони евра и е зголемен за 71,7% во однос на К-2-2020, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 11,9%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, позитивно придвижување на увозот во К-2-2021 во однос на К-2-2020 се забележува кај сите сектори:

- производи класирани по материјалот за 95,1% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата обоени метали за 277,2 милиона евра или 224,5%);
- машини и транспортни уреди за 72,8% (електрични машини, апарати и делови за 110,2 милиона евра или 107,2%);
- минерални горива и мазива за 77,0% (нафта и производи од нафта за 63,7 милиони евра или 96,3%);
- хемиски производи за 84,5% (хемиски материи и производи за 20,7 милиони евра или за 63,1%; пластични материи во примарни форми за 10,2 милиона евра или за 39,4%);
- разни готови производи за 56,7% (мебел и негови делови, постелнина и сл. производи, душеци, носачи на душеци, перници и сл. полнети производи за 11,8 милиони евра или 82,7%; облека за 11,3 милиони евра или 81,1%);
- суровини освен гориво за 31,1% (метална руда и отпадоци од метал за 12,8 милиони евра или 42,0%);
- пијалаци и тутун за 42,9% (пијалаци за 5,2 милиона евра или 55,9%);
- производи за храна за 9,8% (кафе, чај, какао, зачини и производи од истите за 3,6 милиони евра или 22,7%; живи животни за 2,4 милиони евра или 495,1%) и
- животински и растителни масла за 32,8% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 3,4 милиони евра или 33,6%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2021 раст на увозот е забележан кај сите групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 673,2 милиона евра или 98,1%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 128,8 милиони евра или 63,2%;
- горива и мазива за 86,7 милиони евра или 77,7%;
- транспортна опрема за 57,1 милион евра или 69,3%;
- стоки за широка потрошувачка за 53,6 милиони евра или 32,3% и
- храна и пијалаци за 24,4 милиони евра или 13,9%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2021




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Република Северна Македонија со Европската Унија (ЕУ 27[7]) во К-2-2021 е зголемена за 73,6% во однос на К-2-2020, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 59,4% и е зголемено за 1,2 п.п. споредено со вториот квартал од 2020 година. Притоа, во К-2-2021 извозот на стоки учествува со 79,1%, а увозот на стоки со 45,3%.

[7]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-2-2021 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 120,0 милиони евра, што претставува 4,3% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 3,9% од БДП забележан во истиот квартал од 2020 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-2-2021 е зголемен за 28,2 милиона евра, односно 30,6%, што се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 59,8% и сметката на примарен доход за 35,0%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на суфицитот на сметката на услуги за 23,6% и на сметката на секундарен доход за 75,5%.

Во К-2-2021, **трговскиот дефицит** на годишно ниво е зголемен за 210,6 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е зголемен за 5,0 п.п. на годишна основа, односно изнесува 20,1%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-2-2021 изнесува 129,8 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2020 година е зголемен за 24,8 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-2-2021 изнесува 151,1% од кварталниот БДП и во однос на К-2-2020 е зголемена за 40,0 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-2-2021 забележа дефицит од 133,7 милиони евра и истиот е зголемен за 34,7 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-2-2021 изнесува 446,9 милиони евра и на годишно ниво е зголемен за 192,3 милиони евра. Растот се должи на зголемувањето на приватните трансфери за 180,9 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 95,1% и на официјалните трансфери за 11,4 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 4,9%.

Салдото на **капиталната сметка** во К-2-2021 изнесува 2,8 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2020 година е намалено за 1,5 милиони евра, што се должи на намалениот прилив на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-2-2021 изнесуваат 207,4 милиони евра, за разлика од К-2-2020 кога беа негативни во износ од 1,1 милион евра. Ваквото придвижување главно произлегува од приливот по основ на должнички инструменти (101,6 милиони евра) и реинвестирање на добивка (75,1 милион евра).

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-2-2021 изнесуваат 8,6 милиони евра, што претставува подобрување на салдото во однос на истиот квартал од 2020 година кога истите беа негативни и изнесуваа 632,5 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-2-2021 изнесуваат 31,7 милиони евра, за разлика од К-2-2020 година кога беа негативни. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 120,2 милиона евра, трговските кредити и аванси 56,9 милиони евра, додека заемите бележат негативно салдо од 145,4 милиони евра.

**Девизните резерви** на крајот на вториот квартал од 2021 година изнесуваат 4,0 милијарди евра и во однос на К-2-2020 се зголемени за 10,8%. Девизните резерви на крајот на К-2-2021 обезбедуваат 5,5-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.